# ЗАКОН
# ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

(„Службен весник на РМ” бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15)

## I. ОСНОВНА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој закон се уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето и финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, буџетите и фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, како и на другите правни лица за кои средствата за вршење на основната дејност претежно се обезбедуваат од буџетите (во натамошниот текст: буџети и буџетски корисници).

### Член 1-а

Буџетски корисници се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон, на кои им е доверено вршење на јавни овластувања.

Единки корисници се корисници од втора линија, кои се финансираат преку соодветниот буџетски корисник.

## II. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО

### Член 2

(1) Буџетите и буџетските корисници се должни да водат сметководство, составуваат и поднесуваат финансиски извештај во согласност со овој закон и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата од буџетот и другите средства, обврските, изворите на средства, приходите и другите приливи и расходите и другите одливи и резултатите од работењето.

(2) Обврската за обезбедување на податоци за состојбата на средствата во врска со имотот не се однесува на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(~~2~~ 3) Сметководствените стандарди за буџетите и буџетските корисници кои се применуваат во Република Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор, кои се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија” од страна на министерот за финансии, доколку не се во спротивност со овој закон или друг пропис.

(~~3~~ 4) Министерот за финансии по потреба донесува решение или друг пропис за усогласеноста на стандардите со овој закон, кое се објавува во „Службен весник на Република Македонија”.

Член 3

(1) ~~Буџетите и буџетските корисници се должни да водат посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи~~. Буџетите, буџетските корисници и единките корисници се должни да водат одделно сметководство за средствата остварени во буџетот по други основи, и тоа за:

- приходите наплатени од органи;
- приходите наплатени од дополнителни активности на буџетските корисници;
- приходите од донации;
- приходите од кредити и
- други приходи.

~~(2) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за водење на сметководството од ставот (1) на овој член~~.

Член 4

(1) Буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци поединечно по сите видови на приходи и други приливи, за расходите и другите одливи, како и за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата.

(2) Обврската за обезбедување на податоци за состојбата на средствата во врска со имотот не се однесува на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(~~2~~ 3) Податоците од ставот (1) на овој член се обезбедуваат поединечно - по буџетски корисници.

Член 5

Буџетите и буџетските корисници се должни да го водат сметководството по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетите и буџетските корисници.

## III. ДЕЛОВНИ КНИГИ, СМЕТКОВОДСТВЕНИ ДОКУМЕНТИ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Член 6

(1) Буџетите и буџетските корисници се должни да водат деловни книги во согласност со одредбите на овој закон, прифатената стандардна сметководствена практика и сметководствени стандарди.

(2) Преку деловните книги се обезбедуваат еднообразни евиденции и други облици на евиденции со кои се обезбедуваат согледувања за состојбата и за движењата на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи, и резултатот од работењето.

(3) Евиденцијата за состојбата и движењето на средствата од ставот (2) на овој член во врска со имотот, не се однесува на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(~~3~~ 4) Буџетите и буџетските корисници водат евиденција за приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи, изработуваат планови, извештаи и анализи.

(~~4~~ 5) Податоците од деловните книги треба да им овозможат на надлежните органи планирање и извршување на средствата од Буџетот и

средствата од други приходи, изготвување и донесување на финансиските планови и за други цели.

Член 7

(1) Буџетите и буџетските корисници ги водат деловните книги на македонски јазик со арапски цифри и вредности изразени во денари. Ако се користат кратенки, кодови, знаци или симболи, мора јасно да се објасни нивното значење.

(2) Сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

(3) Регистриран податок во деловните книги не смее да се менува и дополнува на начин што подоцна ќе го оневозможи утврдувањето на првобитно регистрираната содржина.

Член 8

~~(1) Деловните книги на буџетите и на буџетските корисници се: дневник, главна книга (книга на приходи и расходи и книга на средствата, обврските и изворите на средствата) и помошни книги (аналитичка евиденција).~~

~~(2) Задолжителни помошни книги од ставот (1) на овој член се: книги на влезни сметки, книги на излезни сметки, книги за набавки, книга (попис) за инвентарот, книга (попис) на капиталниот имот, книга за јавниот долг, книга за благајната, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката.~~

~~(3) Освен деловните книги од ставовите (1) и (2) на овој член, буџетите и буџетските корисници можат да водат и други помошни книги (аналитичка евиденција).~~

~~(4) Деловните книги од ставот (1) на овој член имаат карактер на јавни документи.~~

(1) Деловните книги на буџетите и буџетските корисници се: дневник, главна книга, книга на благајна (касов извештај), книга на капиталниот имот (основните средства) и помошни книги (аналитичка евиденција).

(2) Помошни книги од ставот (1) на овој член се: книги на влезни фактури, книги на излезни фактури, книги за набавки, пописни листи (за материјали, ситен инвентар и основни средства) и книга на побарувањата и обврските.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се однесуваат на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(4) Освен деловните книги од ставовите (1) и (2) на овој член, буџетите и буџетските корисници можат да водат и други помошни книги.

(5) Деловните книги од ставот (1) на овој член имаат карактер на јавни документи.

Член 9

(1) Деловните книги се водат за фискалната година која почнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември секоја календарска година.

(2) Деловните книги се отвораат на почетокот на фискалната година или со денот на основање на овој субјект од членот 1 на овој закон.

(3) Почетните состојби на главната книга на почетокот на фискалната година мораат да бидат исти со заклучните состојби на крајот на претходната фискална година.

Член 10

(1) Буџетите и буџетските корисници на крајот на фискалната година ги заклучуваат и ги поврзуваат деловните книги. Дневникот и главната книга ги потпишува овластеното лице и одговорниот сметководител на буџетот и буџетскиот корисник или лице коешто тој ќе го овласти. Со потписот се потврдува точноста и усогласеноста со законските одредби.

(2) Ако сметководствените податоци се обработуваат со електронски сметач, откако дневникот и главната книга ќе се заклучат, буџетите и буџетските корисници се должни да ги отпечатат и потоа да ги поврзат.

(3) Деловните книги се чуваат најмалку:

- дневникот и главната книга десет години,
- помошните книги (аналитичката евиденција) пет години.

(4) Рокот на чувањето на деловните книги почнува со последниот датум од Фискалната година на којашто се однесуваат.

Член 11

(1) Начинот на водењето на деловните книги на буџетот и на буџетскиот корисник зависи од техниката на внесувањето на настанатите финансиски промени односно трансакции.

(2) Техниката на внесувањето и обработката на податоците на настанатите финансиски промени, односно трансакции може да биде со помош на електронски сметач, полуавтоматизирана обработка на податоци и рачна обработка на податоци, со запазување на начелата на правилно водење на сметководството.

(3) Буџетите и буџетските корисници се должни, независно од начинот на водењето и чувањето на книгите, во секое време да обезбедат достапност на истите, да ги чуваат и да ги заштитат во рокот утврден за тоа, и мораат да гарантираат дека тие можат да бидат презентирани во секое време.

(4) Министерот за финансии ја пропишува формата и начинот на водењето на деловните книги на буџетите и буџетските корисници.

Член 12

(1) Внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

(2) Сметководствен документ е писмен доказ за настанатата финансиска промена, односно трансакција.

(3) Сметководствениот документ служи како основа за внесување на податоци во деловните книги.

(4) Сметководствениот документ од ставовите (1) и (2) на овој член служи истовремено како основа за контрола и ревизија.

(5) Буџетите и буџетските корисници се одговорни за составувањето на сметководствените документи, а овластеното лице на буџетот и буџетскиот корисник или лицето коешто тој ќе го овласти, со потпис на документот гарантира дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената промена, односно трансакцијата.

Член 13

(1) Сметководствените документи се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или микрографска обработка на податоците или на друг соодветен начин.

(2) Сметководствените документи, по својот вид, се чуваат годишните сметки со нивните прилози во следниве рокови:

- трајно се чуваат конечните пресметки на плати на вработените, како и исплатните листи на платите на вработените ако содржат битни податоци за вработените;

- пет години се чуваат сметководствените документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги;

- три години се чуваат исправите што се однесуваат на платниот промет;

- две години се чуваат продажните и контролните блокови, помошните пресметки и слични исправи.

(3) Министерот за финансии ги пропишува видот, содржината, контролата и движењето на сметководствените документи.

Член 14

(1) Буџетите и буџетските корисници го организираат сметководството и начинот на внесувањето на податоците во сметководството во согласност со одредбите на овој закон.

(2) Буџетите и буџетските корисници го водат сметководството и ги распоредуваат сметките во главната книга со примена на основни сметки пропишани со сметковен план.

(3) Буџетите и буџетските корисници според своите потреби ги расчленуваат основните сметки од сметковниот план на аналитички сметки (аналитички сметковен план).

(4) Трезорот води главна книга во која се евидентираат сите трансакции на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи на Буџетот на Републиката и на корисниците и единки корисници на средства на Буџетот, како и финансиските средства на корисниците и единките корисници на средства на Буџетот.

(5) Владата на Република Македонија ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на главната книга на трезорот од ставот (4) на овој член.

(6) Министерот за финансии го пропишува сметковниот план од ставот (2) на овој член, содржината на одделните сметки во сметковниот план, како и начинот на трезорското работење.

(7) Министерот за финансии ќе определи кои посебни податоци се потребни за системот на државната евиденција и ќе ги пропише формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција.

(8) Буџетите и буџетските корисници водењето на сметководство можат да го доверат на овластена стручна организација со тоа што со тоа не се намалува одговорноста на одговорните лица на буџетите и на буџетските корисници за целокупното сметководство.

Член 15

(1) Буџетите и буџетските корисници во своето сметководство ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски промени, односно трансакции.

(2) Освен сметките од ставот (1) на овој член, буџетите и буџетските корисници во своето сметководство ги водат и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година.

Член 16

(1) Овластеното лице на Буџетот на Република Македонија, односно на буџетите на фондовите, корисниците и единките корисници на буџетите, или лице што тој ќе го овласти, одредува одговорен сметководител. Ако сметководството се води за повеќе корисници или единки корисници, се одредува одговорен сметководител за секој корисник или единка корисник.

(2) Градоначалникот на општината одредува еден одговорен сметководител за водење на деловни книги, сметководствени документи, обработка на податоците и изработка на годишните извештаи за буџетот на општината.

(3) Одговорниот сметководител може привремено да ја задржи исплатата, ако е во спротивност на овој закон, Законот за буџетите или со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за одделната година, односно со одлуката за извршувањето на буџетот за одделната година.

IV. ВНАТРЕШНА СМЕТКОВОДСТВЕНА КОНТРОЛА

Член 17

Буџетите и буџетските корисници обезбедуваат систем на редовна внатрешна сметководствена контрола. Со внатрешната сметководствена контрола се проверува дали финансиските промени, односно трансакции се извршени во согласност со законските прописи, дали постои соодветна сметководствена документација и дали финансиските извештаи обезбедуваат целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиските промени и за финансиските трансакции.

V. ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

Член 18

(1) Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и на буџетските корисници се спроведува според сметководствено начело на парично искажување.

(2) Сметководственото начело на парично искажување од ставот (1) на овој член значи приходите и другите приливи да се признаат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно. Приходите и другите приливи се расположливи кога се остварени во пресметковниот период.

(3) Сметководственото начело на парично искажување од ставот 1 на овој член значи расходните и другите одливи да се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

(4) ~~По исклучок на ставот (1) од овој член, признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетскиот корисник кој остварува средства од други приходи може да се спроведе и според сметководствено начело на модифицирано настанување на финансиските промени, односно трансакции, на начин пропишан од страна на министерот за финансии~~. Приходи во смисла на ставот (1) од овој член се: наплатените приходи остварени по видови и извори согласно со Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите, како и приходите од самофинансирачки активности (сопствени приходи), приходи од кирии и закупнини, приходи од донации, приходи од кредити и позајмици и неданочни приходи.

(5) Во приходите од ставот (4) на овој член не влегуваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени средства без надомест, вишоци утврдени со попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

(6) Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

(7) Расходи во смисла на ставот (1) од овој член се: извршените расходи согласно со Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите, ако се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање, во спротивно активно временски се разграничуваат. Во расходи спаѓаат и кредитите и позајмиците во периодот кога се враќаат.

(8) Во расходите од ставот (1) на овој член не влегуваат: подарените или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средствата кои паѓаат на товар на средствата на буџетот и буџетскиот корисник, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи за кои не се искажани средства во паричен износ, туку истите се искажуваат на товар или во полза на изворите на капиталните средства.

## VI. ПРОЦЕНУВАЊЕ НА БИЛАНСНИТЕ ПОЗИЦИИ, РЕВАЛОРИЗАЦИЈА И ПОПИС

### Член 19

(1) Под проценување на билансните позиции, во смисла на овој закон се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

(2) Буџетите и буџетските корисници се должни проценувањето на билансните позиции содржани во главната книга да го спроведат според сметководственото начело на парично искажување.

(3) Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните и краткорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

(4) Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

(5) Билансните позиции на побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

(6) Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишни стапки пропишани од страна на министерот за финансии.

(7) Основица за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

(8) Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од ~~100~~ 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицира како расход кој што се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

(9) Исплатите во текот на годината од средствата планирани со Буџетот на Република Македонија за долгорочни и краткорочни вложувања се искажуваат како расход, освен кога е преземена обврска за заедничко вложување.

(10) Одредбите од ставовите (3), (6) и (7) на овој член не се однесуваат на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Член 20

Буџетите и буџетските корисници се должни да ги ревалоризираат долгорочните средства освен сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на начин пропишан од страна на министерот за финансии.

Член 21

(1) Буџетите и буџетските корисници се должни најмалку еднаш годишно да вршат усогласување на своите побарувања и обврски со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември освен сметководството на Буџетот на Република македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на начин пропишан од страна на министерот за финансии.

VII. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Член 22

(1) ~~Буџетите и буџетските корисници се должни да состават основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот (попис на капиталниот имот), биланс за задолжување и белешки кон финансиските извештаи~~. Буџетите и буџетските корисници се должни да состават основни финансиски извештаи, и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите и консолидиран биланс. Консолидираниот биланс како финансиски извештај не се изготвува во сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(2) Билансот на состојбата ја прикажува состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата на одреден датум.

(3) Билансот на приходите и расходите ги прикажува приходите и другите приливи, како и расходите и другите одливи.

(4) ~~Консолидираниот биланс на капиталниот имот е целосен преглед на капиталниот имот на буџетите и на буџетските корисници~~. Консолидиран биланс е целосен преглед на приходите и расходите на единките корисници кои што се во состав на буџетскиот корисник. Консолидираниот биланс не се изготвува како збир на одделните буџетски сметки на ист корисник.

~~(5) Билансот за задолжување е преглед на долгот на одреден ден. Во него се содржани податоци за дадените и применете заеми, ненамирените обврски и ненаплатените побарувања.~~

~~(6) Белешките кон финансиските извештаи претставуваат детална разработка и дополнување на податоците од билансот на состојбата, билансот на приходите и расходите, консолидираниот биланс на капиталниот имот и билансот за задолжување на буџетот и на буџетскиот корисник, кој помага поцелосно да се разберат финансиските податоци претставени во финансиските извештаи~~.

(~~7~~ 5) Основните финансиски извештаи мораат да дадат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.

(~~8~~ 6) Основните финансиски извештаи мораат да се чуваат трајно и во изворна форма.

(~~9~~ 7) Основните финансиски извештаи од ставот (1) на овој член се составуваат за фискалната година и тоа на македонски јазик и во денари.

(~~10~~ 8) Обликот и содржината на финансиските извештаи од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(~~11~~ 9) Основните финансиски извештаи од ставот (1) на овој член ги потпишува овластеното лице на буџетот и буџетскиот корисник или лицето коешто тој ќе го овласти.

Член 23

Основните финансиски извештаи, заедно со образложението кон нив ја сочинуваат ~~годишната~~ завршната сметка.

Член 24

(1) ~~Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетите на фондовите изготвуваат консолидирани годишни сметки~~. Буџетите на фондовите изготвуваат консолидирани завршни сметки.

(2) Секоја единка-корисник ја изготвува ~~годишната сметка~~ завршната сметка и ја доставува до корисникот во чиј состав е, најдоцна до 1 март во тековната година за претходната фискална година.

(3) Корисниците на буџетите и фондовите изготвуваат консолидирана ~~годишна сметка~~ завршна сметка (од ~~годишните сметки~~ завршните сметки на своите единки-корисници кои се во нивен состав и од својата годишна сметка) и ја доставуваат до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година за претходната фискална година.

Член 25

~~Врз основа на годишните сметки на корисниците и фондовите, Министерството за финансии ја изготвува годишната сметка на Буџетот на Републиката до 30 април во тековната година и ја доставува до Владата на Република Македонија за утврдување~~. Врз основа на завршните сметки на корисниците и фондовите, Министерството за финансии ја изготвува завршната сметка во која се искажуваат планираните и извршените приходи и расходи на Буџетот на Републиката до 31 мај во тековната година и ја доставува до Владата на Република Македонија за утврдување.

Член 26

(1) ~~Годишната сметка~~ Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија, во која се искажуваат планираните и извршените приходи и расходи се изготвува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите донесени од министерот за финансии.

(2) ~~Годишната сметка~~ Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија, во која се искажуваат планираните и извршените приходи и расходи ги содржи следниве прилози:

- преглед на наплатени приходи и извршени расходи на сите буџетски сметки на Буџетот на Републиката, спореден со процените на буџетските приходи и одобрените трошоци, како и образложение за главните отстапувања и

- детален преглед на трошењето од буџетската резерва и гаранциите за земените заеми во фискалната година.

Член 27

(1) ~~Годишните сметки~~ Завршните сметки на буџетите на единиците на локалната самоуправа се изготвуваат согласно со постапката пропишана за изготвување и донесување на Буџетот на Републиката и фондовите.

(2) ~~Годишните сметки~~ Завршните сметки на единиците на локалната самоуправа се приложуваат кон годишната сметка на Буџетот на Републиката.

(3) ~~Годишната сметка~~ Завршната сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа ја донесува советот најдоцна до 15 март и истата се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март.

Член 28

~~Министерството за финансии, годишната сметка на Буџетот на Републиката по нејзиното утврдување од страна на Владата, ја доставува до Собранието на Република Македонија за донесување, заедно со годишните сметки на буџетите на единиците на локалната самоуправа и фондовите~~.

Владата на Република Македонија завршната сметка за извршување на планираните приходи и расходи на Буџетот на Република Македонија по нејзиното утврдување од страна на Владата, ја доставува до Собранието на Република Македонија за донесување, заедно со завршните сметки на буџетите на единиците на локалната самоуправа и фондовите, најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната фискална година.

Член 29

Буџетите и буџетските корисници се должни ~~годишните сметки~~ завршните сметки да ги достават до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија до крајот на месец февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусна промена.

VIII. ~~КАЗНЕНИ~~ ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 30

~~Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице на буџетите и буџетските корисници, ако:~~

~~1) не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членови од 2 до 5);~~

~~2) не води деловни книги на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членови од 6 до 12);~~

~~3) внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 12 став 1);~~

~~4) не го определи лицето кое е одговорно за законитоста и исправноста на сметководствениот документ (член 12 став 3 став 5);~~

~~5) не ги чува на соодветен и правилен начин деловните книги, сметководствените документи, исправи и финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон или ако за нивното чување не определи одговорно лице (членови 10, 13, 22 став 8);~~

~~6) не врши проценување на билансните позиции на начинот и по постапката пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 19);~~

~~7) не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 20);~~

8) не врши попис според одредбите од овој закон (член 21);

9) не ја достави годишната сметка завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок (член 24 став 3 и член 27 став 3) и

10) не ги составува и не ги доставува финансиските извештаи и годишните сметки завршните сметки (членови 22 и 29).

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на буџетите и на буџетските корисници, ако:

1) не води одделно сметководство за средствата остварени во буџетот по други основи (член 3);

2) не обезбедува податоци поединечно по буџетски корисници, по сите видови на приходи и други приливи, за расходите и другите одливи, како и за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата (член 4 ставови (1) и (3));

3) не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член  5);

4) не ги чува деловните книги до рокот пропишан со овој закон (член 10 став (3));

5) внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 12 став 1);

6) не ги чува сметководствените документи до рокот пропишан со овој закон (член 13 став (2));

7) не врши проценување на билансните позиции на начин и по постапка пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 19 став (2));

8) не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 20);

9) не врши усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември (член 21);

10) не ги состави основните финансиски извештаи  (член  22 ставови (1) и (7));

11) не ги чува основните финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон (член 22 став (6));

12) не ја достави завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок (членови 24 став (3) и 27 став (3)) и

13) не ги достави завршните сметки до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија во законски определениот рок (член 29).

Член 30-а

Глоба  во износ од 1.000 до 1.600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорниот сметководител на буџетите и на буџетските корисници, ако:

1) не води одделно сметководство за средствата во буџетот остварени по други основи (член 3);

2) не обезбедува поединечно податоци по сите видови на приходи и  на расходи и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата (член 4 став (1));

3) не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член  5);

4) не ги чува деловните книги до рокот пропишан со овој закон (член 10 став (3));

5) внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 12 став (1));

6) не врши проценување на билансните позиции на начин и по постапка пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 19);

7) не ги чува сметководствените документи до рокот пропишан со овој закон (член 13 став (2));

8) не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 20);

9) не врши усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември (член 21);

10) не ги состави основните финансиски извештаи (член 22 ставови (1) и (7));

11) не ги чува основните финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон (член 22 став (6));

12) не ја достави завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок (член 24 став (3)) и

13) не ги достави завршните сметки до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија во законски определениот рок (член 29).

Член 30-б

~~(1) За прекршоците утврдени во членовите 30 и 30-а од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд.~~

~~(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, ќе се поведе постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.~~

(1) За прекршоците утврдени во членовите 30 и 30-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

(2) За сторените прекршоци од овој закон, овластено лице од страна на Министерот за финансии (во натамошниот текст: овластено службено лице), при констатирање на прекршокот должно е пред да го поднесе барањето за поведување на прекршочна постапка да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(3) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(4) Во евиденцијата од ставот (3) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(5) Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(6) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Буџетите и буџетските корисници продолжуваат да ги применуваат прописите донесени врз основа на Законот за сметководството (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/93, 48/93, 6/95, 32/98, 39/99, 70/2001 и 36/2002), до донесувањето на нови прописи согласно со овој закон.

Член 31-а

Одредбите од член 2 став (1), член 4 став (1), член 6 став (2), член 8 став (1) (во делот на средствата, обврските и изворите на средства), член 8 став (2), член 19 ставови (3), (5), (6), (7) и (8), член 20, член 21 и член 22 став (1) (освен билансот на приходите и расходите), во однос на Буџетот на Република Македонија, ќе се применуваат почнувајќи од 1 јануари 2005 година.

Член 32

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за сметководството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93, 48/93, 6/95, 32/98, 39/99, 70/2001 и 36/2002) и членовите 47, 48, 49, 50, 52, 53 и 54 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001 и 93/2001).

Член 33

Се овластува министерот за финансии да донесува правилници и да дава објаснувања и упатства за примена на овој закон.

Член 34

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***

Член 2

(Од Законот за изменување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници „Службен весник на РМ" бр. 145/15)

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.